# ЗАКЛУЧОЦИ
## усвоени на
## првиот состанок
## на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП
## одржан на 26.11.2012

### *1) Бајалџиев v. РМ (А. бр. 4650/06 )*

1. Апелациониот суд во Скопје во рок од 15 дена преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја известат Меѓуресорската комисија за текот и евентуалниот исход на постапката по жалбата поднесена од страна на г-динот Бајалџиев, а по одбивањето на неговиот предлог за повторување на постапката по предметот **П.бр.150/96** поднесен согласно членот 400 од ЗПП, од страна на надлежниот основен суд. Во истиот рок приложено кон известувањето да се доставаат во фотокопија и судски одлуки донесени во врска со предлогот за повторување на постапката.

2. Врховниот суд на РМ во рок од 15 дена преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да го достави до Меѓуресорската комисија ставот усвоен на седницата на оддел одржана на 22.02.2011 за примената на членот 64 став 1 алинеја 5 од ЗПП, а согласно ставот на ЕСЧП во предметот Бајалџиев v. РМ, и во истиот рок ставот да го дистрибуира до претседателите на надлежните основни и апелациони судови со обврска тие со истиот да ги запознааат судовите во своите судови.

### *2) Сашо Ѓоргиев v. РМ (А. бр. 49382/06 )*

1. Основниот суд Скопје II Скопје во рок од 15 дена преку Министерство за правда -Биро за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за тоа дали г-динот Сашо Ѓоргиев, согласно член 400 од ЗПП, поднел предлог за повторување на постапка **П.бр.2934/02** која се водела пред Основниот суд Скопје I Скопје , а во врска со пресудата на ЕСЧП во случајот Сашо Горгиев против Република Македонија, и за евентуалниот тек и исход по постапката од таквото барање, како и да достави приложено фотокопија од соодветните судски списи,односно одлуки во врска со таквиот предлог.

2. Се препорачува МВР најдоцна во рок од 30 дена да достави преку Министерство за правда –Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП до Меѓуресорската комисија, обработени информации во врска со:

- регулатива - закони и други прописи, по однос на:
- критериумите за селекција и вработување на кадри – овластени службени лица, како и припадници на резервниот состав и
- нивна контрола за времетраење на службата – со акцент на техничките обуки за ракување со огнено оружје, психофизичка подготвеност и слично,
- методи, начини или други релевантни информации за нивната имплементација.
- податоци за поведени дисциплински постапки против ОСЛ по однос на прекумерна употреба на сила, во смисла на употреба на огнено оружје

3. Се препорачува МВР најдоцна во рок од 15 дена да достави преку Министерство за правда –Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП до Меѓуресорската комисија, судска пракса- правосилни пресуди во кои се уважени тужбените барања против РМ- МВР , по основ на надомест на штета сторена од страна на ОСЛ , а за периодот 2006-2012 година.

4. Се препорачува на Академијата за судии и јавни обвинители во рок од шест месеци да организира една обука во врска со членовите 2 и 3 од Европската конвенција за

човекови права, а во контекст на пресудите Сашо Горгиев и Ѓорги Георгиев против Република Македонија.

### *3) Ѓорги Ѓорѓиев v. РМ (А. бр. 26984/05)*

1. Основниот суд во Штип во рок од 15 дена преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за тоа дали апликантот согласно член 400 од ЗПП поднел предлог за повторување на постапката по предетот **П.бр.704/2002**, а во врска со пресудата на ЕСЧП во предметот Ѓорѓи Георгиев против РМ од 10 јули 2012, како и да извести за евентуалниот тек и исход од постапката по таквото барање, како и да достави приложено фотокопија од соодветните судски списи, односно одлуки во врска со таквиот предлог.

2. Се препорачува на АСЈО во рок од 6 месеци да организира една обука во врска со членовите од 2 и 3 од ЕКЧП, а во контекст на пресудите Сашо Георгиев и Ѓорѓи Ѓоргиев v. РМ.

3. Се препорачува Министерството за правда во рок од 2 месеци да ја разгледа можноста за зајакнување на законската рамка во контекст на подобро превенирање на ситуации во случај на неактивност на обвинителот.

4. Управата за извршување на санкции во рок од 15 дена преку Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за законската и подзаконската рамка за утврдување на дисциплинска одговорност во случај на исти или слични околности како во предметниот случај, со посебен осврт на евентуално унапредување на релевантната правна рамка во периодот по април 2000 до денес.

### 4) *Василковски и др. v. РМ (А. бр. 28169/08)*

1. Основниот суд Скопје I Скопје во рок од 15 дена преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП во врска со моменталниот статус на предметот Кок. бр.8/08, односно, во која фаза е истиот, дали сеуште се води постапка против сите апликанти, дали некој од нив сеуште се наоѓаат во притвор, и дали некој од нив почнале со издржување на казната, како и во фотокопија приложено да ги достави соодветните судски списи.

2. Се препорачува Врховниот суд на РМ во рок од 40 дена да одржи средба со претседателите на надлежните основни и апелационите судови во државата на кој ќе биде разгледана пресудата на ЕСЧП во предметот Василковски и др. v. РМ и усвоени соодветни заклучоци кои ќе ги рефлектираат ставовите на ЕСЧП од споменатата пресуда во однос на постапувањето и начинот на одлучување на домашните судови при изрекувањето и продолжувањето на мерката притвор.

3. Се препорачува АСЈО да преземе мерки за подигнување на свеста кај судиите за значењето и правилната примена на членот 5 од Конвенцијата во постапување по притворски предмети во форма на одржување на 3 обуки во врска со членот 5 од ЕКЧП во рок од 6 месеци.

4. Се препорачува АСЈО и Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 6 месеци да извршат избор и превод на релевантни пресуди и друга литература во врска со членот 5 од ЕКЧП и истите да ги дистрибуираат до судиите кои постапуваат по притворски предмети.

## 5) *Огражден и др. v. РМ (А. бр. 35630/04, 53442/07 и 42580/09)*

1. Основниот суд Струмица во рок од 15 дена преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја известат Меѓуресорската комисија за за тоа предметот **И.бр. 3247/99** а во кој Огражден се јавува како доверител е завршен, односно за евентуалниот тек на постапката по барањето за извршување, како и да достават приложено фотокопија од соодветните судски списи.

2. Се препорачува на Врховниот суд на Република Македонија и понатаму одблизу да ја следи сопствената пракса во поглед на одлучувањето по барањата за утврдување на повреда на правото на судење во разумен рок, особено во однос на доследно применување на судската пракса на Европскиот суд, со посебен акцент на висината на досудуваните надоместоци, во насока на нивна компатибилност со надоместокот кој би го досудил Европскиот суд при исти околности на случајот.

3. Се препорачува на Врховниот суд на Република Македонија при одлучувањето по барањата за утврдување на повреда на правото на судење во разумен рок, да ја зема во предвид и разумноста на траењето на постапката пред Врховниот суд, доколку истиот одлучувал во односната постапка, а со цел да се избегнат идни апликации пред Европскиот суд , кои се однесуваат на должината на постапката само пред Врховниот суд.

## 6) *Трампевски v. РМ (А. бр. 4570/07)*

1. Основниот суд во Битола во рок од 15 дена преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за тоа дали г-динот Трампевски согласно член 418 став 1 точка 7 од ЗКП поднел предлог за повторување на постапката по предметот К.бр. 557/05, а во врска со пресудата на ЕСЧП во случајот Трампевски против РМ од 10 јули 2012 и за евентуалниот тек и исход од постапката по таквото барање, како и да достави приложено фотокопија од соодветните судски списи, односно одлуки донесени во врска со таквиот предлог.

2. Се препорачува во период од 6 месеци АСЈО да организира 3 семинари за членот 6 од ЕКЧП со посебен нагласок на правилната примена на начелата на непосредноста и контардикторност во кривичната постапка за судиите кои постапуваат по кривичните предмети.

3. Се препорачува Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 2 месеци да изготви анализа на пресудата во случајот Трмпевски v. РМ и да ја достави до сите судии кои постапуваат во кривични предмети преку претседателите на судовите.

4. Се препорачува апелационите судови во РМ во рок од 2 месеци да усвојат начелен став во врска со примената на членот 351 од ЗКП во примена, имајќи ги предвид ставовите на ЕСЧП во предметот Трампевски v. РМ, како и околноститите кои во конкретниот предмет довеле до повреда на ЕКЧП.

## 7) *Радко и Пауновски v. РМ (А. бр. 74651/01)*

1. Се препорачува во рок од 15 дена Управниот суд на РМ преку Министерството за правда -Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП до Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во контекст на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП во случајот Радко и Пауновски v. РМ . да достави информација во врска со моменталната состојба по однос на поведениот управен спор

од страна на Здружението РАДКО против второстепената одлука на Централниот регистар на РМ за одбивање на уписот во ЦР на РМ.

## *8) Бочварска v. РМ (А. бр. 27865/02)*

1. Се препорачува на Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 15 дена да прибави информација од Основниот суд Скопје II – стечајно одделение во врска со тоа дали стечајната постапка поведена пртоив должникот АД Газела е сеуште во тек, како и да прибави информација дали и какви побарувања должникот АД Газела има према трети лица и во која висина, како и дали останати трети лица имаат побарувања признаени од стечајниот управител према должникот АД Газела и во која висина.

2. Се препорачува во рок од 30 дена стечајниот управител кој ја води стечајната постапка на должникот АД Газела како и на надлежниот стечаен судија од Основниот суд Скопје II скопје преку Министерството за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја известат Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП во врска со законските можности апликантот Невена Бочварска во оваа фаза од стечајната постапка да се јави како доверител на стечајната маса на АД Газела, односно да посочат на соодветната процедура преку која апликантот Бочварска би можела да добие статус на доверител на стечајната маса.

В.Д. Директор на Бирото за
застапување на РМ пред ЕСЧП – Владин агент
м-р Костадин Богданов

Министер за правда,
Blerim Bexheti